# ПЕРСПЕКТИВИ ВО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАТВОРСКИОТ СИСТЕМ И ОСТВАРУВАЊЕ НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА ПРЕКУ ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ




Овој проект е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ГРАДЕЊЕ НА УСЛУГИ ЗАСНОВАНИ НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА ПОДДРШКА НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ПОРАНЕШНО ОСУДЕНИ ЛИЦА

Издавач: МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО

Уредник: Доц. д-р Елена Мујоска Трпевска

Наслов на публикацијата: Перспективи во унапредување на затворскиот систем и остварување на ресоцијализација преку измени на законот за извршување на санкциите

Автор: Проф. д-р Гордана Лажетиќ

Лектор: Весна Костовска

Графички дизајн: Бригада дизајн

Место: Скопје

Година на изданието: 2025

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на МПД и на никаков начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата на Европската Унија.

## Содржина

***ВОВЕД ......................................................................................................... 3***

***1. ПОСТОЈНА СОСТОЈБА ВО УИС И КПУ........................................................... 4***

**1.1. Состојба со вработени лица УИС и установите ........................................... 4**

***2. АКТИВНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА ТРЕТМАНОТ ЗАРАДИ УСПЕШНА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА ......................................................................................... 10***

**2.1. Образованието како третман.................................................................... 11**

**2.2. Работниот ангажман како третман............................................................ 12**

**2.3. Стручното оспособување и стекнувањето вештиниОбезбедување и............................ 14**

**2.4. Здравствена заштита на осудените лица....................................................... 15**

***НАСОКИ ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ ......................... 16***

***4. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ ........................................................................................ 17***

## КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

| | | |
|---|---|---|
| **УИС** | - | Управата за извршување санкции |
| **ЗИС** | - | Закон за извршување на санкциите |
| **КПУ** | - | Казнено поправна установа |
| **ВПУ** | - | Воспитно поправна установа |
| **ВПД** | - | Воспитно поправен дом |
| **НС** | - | Националната стратегијата за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 |
| **РСМ** | - | Република Северна Македонија |
| **СЕ** | - | Совет на Европа |
| **ЕУ** | - | Европска унија |
| **УИС** | - | Управата за извршување санкции |
| **ЗИС** | - | Закон за извршување на санкциите |

## ВОВЕД

Пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија се развива и унапредува во светлината на меѓународните и европските документи и стандарди, како и во рамките на националните стратешки документи и релевантната правна рамка.

Во однос на меѓународните документи приоритет имаат ревидираните Стандардните минимални правила за третман на затворениците,[1] во рамките на коишто се содржани стандарди за управување со затворите кои даваат приоритет на човечкото достоинство и третманот на затворениците. Придонесот на ООН се согледува и во однос на жените затворенички преку стандардите воспоставени со Правилата во однос на третманот на жените во затворот и примената на вонзатворските мерки спрема жените сторители на кривични дела,[2] коишто претставуваат првата сеопфатна меѓународна иницијатива за истакнување и нудење насоки во решавањето на потребите и барањата на жените и девојките во системот на кривична правда.

Несомнен е придонесот на Советот на Европа кој има донесено неколку препораки кои се однесуваат на затворскиот систем и на одделни категории затвореници. Најрелевантна е Препораката Rec(2006)2-rev со која во 2020 година се ревидираа Европските затворски правила примарно уредени во 2006 година.[3] Во однос на другите препораки коишто заслужуваат внимание во контекст на посебните категории затвореници би можело да се издвојат Препораката CM/Rec(2012)12 во однос на затворениците што се странци,[4] Препораката CM/Rec (2014)3 во однос на опасните затвореници,[5] како и Препораката CM/Rec(2018)5 во однос на децата чии родители се на издржување затворска казна.[6]

[1] Standard Minimum Rules for the treatment of prisoners (Mandela Rules), https://www.unodc.org/ documents/justice-and-prison-reform/Nelson_Mandela_Rules-E-ebook.pdf

[2] 2010 United Nations Rules for the Treatment of Women Prisoners and Non-custodial Measures for Women Offenders (the Bangkok Rules), https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/ Bangkok_Rules_ENG_22032015.pdf; Gender and SSR Toolkit DCAF DCAF a centre for security, development and the rule of law Penal Reform and Gender: Update on the Bangkok Rules, https://www.dcaf.ch/sites/default/files/imce/GSSR%20Toolkit/Penal%20reform.pdf

[3] Recommendation Rec(2006)2-rev of the Committee of Ministers to member States on the European Prison Rules, Adopted by the Committee of Ministers on 11 January 2006 and revised and amended by the Committee of Ministers on 1 July 2020, https://rm.coe.int/09000016809ee581

[4] Recommendation CM/Rec(2012)12 concerning foreign prisoners, https://pjp-eu.coe.int/documents/ 41781569/42171329/CMRec+%282012%29+12+concerning+foreign+prisoners.pdf/a13a6dc6-facd-4 aaa-9cc6-3bf875ac8b0f

[5] Recommendation CM/Rec (2014)3 concerning dangerous offenders, https://pjp-eu.coe.int/ documents/41781569/42171329/CMRec+%282014%29+3+concerning+dangerous+offenders.pdf/cec8c7c4-9d72-41a7-acf2-ee64d0c960cb

[6] Recommendation CM/Rec(2018)5 concerning children with imprisoned parents, https://rm.coe.int/cm-recommendation-2018-5-concerning-children-with-imprisoned-parents-e/16807b3438

Европската Унија, иако нема посебен документ во однос на пенитенцијарните системи, ги анализира состојбите во затворите во Европските држави низ призмата на документите на Советот на Европа и на Комитетот за превенција од тортура.[7]

Најзначаен стратешки документ е Националната Стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025), [8] чијашто имплементација се наоѓа во последната година од проектираниот период.

Правната рамка ја чина Законот за извршување на санкциите,[9] („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), како и подзаконските акти донесени врз основа на одредбите на ЗИС со коишто се доразработуваат важни аспекти поврзани со пенитенцијарниот систем во цели.[10]

## 1. ПОСТОЈНА СОСТОЈБА ВО УИС И КПУ

### 1.1. Состојба со вработени лица УИС и установите

Од годишните извештаи на Управата за извршување на санкциите (во натамошниот текст: УИС),[11] може да се анализираат аспектите поврзани со кадровската екипираност на КПУ и ВПУ, екипираност по сектори и степенот на образование на вработените во КПУ и ВПУ. Соодветната кадровска екипираност во квантитативна но и во квалитативна смисла е еден од главните предуслови за успешна ресоцијализација на осудените лица што издржуваат казна затвор и нивна успешна подготовка за социјална реинтеграција.

Целиот затворски персонал треба да поседува соодветен стандард на образование и да има способност и средства да ги извршува своите должности на професионален начин.[12]

Бројот на вработени лица во секторот за ресоцијализација, но и во рамките на затворската полиција не е доволна гаранција *per se* доколку вработените не следат

[7] Подетално в: Prisons and detention conditions in the EU, Policy Department for Citizens' Rights and Constitutional Affairs Directorate-General for Internal Policies PE 741.374 - February 2023, https://www.europarl.europa. eu/ RegData/etudes/STUD/2023/741374/IPOL_STU(2023)741374_EN.pdf

[8] Достапна на: https://uis.gov.mk/wpcontent/uploads/2021/11/%D0%9D%D0% B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80% D0%B 0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%80%D0%B0 %D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98-portain-10092021-MKD.pdf

[9] Службен весник на РСМ, бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24

[10] Достапни на интернет страницата на УИС, https://uis.gov.mk/zakoni/

[11] https://uis.gov.mk/zakoni/

[12] The United Nations Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners (the Nelson Mandela Rules), Rule 75, UNODC, https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/Nelson_Mandela_Rules-E-ebook.pdf.

соодветни обуки за продлабочување на знаења и вештини, за стекнување нови знаења и вештини, за анализа на случаи на постапување со цел воедначување на практиката и сл.

Во однос на бројот и структирата на вработените лица во КПУ, иако недостасуваат некои податоци во годишните извештаи, сепак може да се констатира дека во 2019 година се белелжи значително зголемување на бројот на вработени во КПУ. Имено, вкпниот број вработени на 31.12.2018 година изнесвал 674 вработени лица, додека вкпниот број вработени на 31.12.2019 година изнесува 912 лица односно 238 вработени лица повеќе од претходната година.

Табела 1: Вкупен број на вработени лица во периодот 2015-2022 година

| **Година** | **Вработени според сектори на 31.12** | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| | **Сектор за ресоцијализација** | **Затворска полиција** | **Останати служби во КПУ** | |
| **2015** | **104** | **530** | **148** | **782** |
| **2016** | **104** | **536** | **125** | **765** |
| **2017** | **113** | **535** | **123** | **771** |
| **2018** | **103** | **468** | **103** | **674** |
| **2019** | | **670** | | **912** |
| **2020** | **98** | **706** | **130** | **934** |
| **2021** | | | | **981** |
| **2022** | | | | **950** |

*Извор: Годишни извештаи на УИС*

Ако се направи анализа на достапните податоци во однос на состојбата со вработените во КПУ може да се заклучи дека заклучно со 31.12.2022 година, бројот на вработените во КПУ бележи континуиран пораст, а од достапните податоци е очигледно дека соодносот на затворската полиција и секторот за ресоцијализација бил 5:1 во 2015, а се зголемил на 7:1 во 2020 година.

Доколку трендот на вкупниот број вработени графички се претстави ќе се забележи обратнапропорционалност на вкупниот број лица што издржуваат казна затвор наспроти вкупниот број вработени во КПУ.  Или со други зборови, додека затвореничката популација

значително опаѓа (за 35%), кадарот во КПУ од 2018 до 2021 година се зголемил за близу 40%.

Графикон 1: Тренд на вкупен број вработени во КПУ (N=782)




*Извор: Годишни извештаи на УИС*

Околност што посебно загрижува е што се бележи обратнопропорционален тренд во бројот на вработени во секторот за ресоцијализација (каде што се вработени воспитачи и инструктори) наспроти бројот на вработени во секторот за обезбедување односно затворската полиција. Ако се појде од достапните податоците и ако за почетна се земе 2015 година со вкупно 104 вработени во Секторот за ресоцијализација и вкупно 530 вработени во Затворската полиција, и ако потоа се анализира стапката на пораст односно намалување во годините заклучно со 2020 година, се воочува изразениот обратнопропорционален тренд – се намалува бројот на стручни лица во Секторот за ресоцијализација за сметка на значителното зголемување на лица вработени во Затворската полиција.

Графикон 2: Тренд на вработени според сектори (N=104 за Сектор за ресоцијализација и N=530 за Затворската полиција)




*Извор: Годишни извештаи на УИС*

Соодносот на вработените во поглед на степенот на образование, согласно достапните податоци до 2019 година, при што како појдовна основа се зема бројот на вработени со основно (N=585) односно бројот на вработени со високо образование (N=172), покажува дека во текот на целиот период се бележи зголемување на бројот на вработени со високо образование, додека пак, бројот на вработени со средно образование значително се зголемил на преминот од 2018 во 2019 година, и бележи пораст од 35% (од -17.4% на 17.6%).

Графикон 3: Тренд на вработени според образование




*Извор: Годишни извештаи на УИС*

## 1.1.Состојба со полнолетни осудени лица

За потребите на анализа на податоците во однсо на различните апекти поврзани со осудените лица што издржуваат казна затвор во КПУ, беа користени годишните извештаи на УИС. Со цел да се добие покомплетна претстава за трендовите и стапките на движење на затворската популација се анализираа податоци за периодот 2015-2022 година.

Табела 2: Вкупен број на осудени лица според КПУ во периодот 2015-2022 година

| КПУ | Вкупен број на осудени лица на 31.12. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2021 | 2022 |
| КПД Идризово | 1934 | 1908 | 1762 | 1222 | 1181 | 1121 | 1205 |
| КПД Штип | 364 | 358 | 309 | 230 | 220 | 236 | 240 |
| КПД од отворен вид Струга | 68 | 50 | 50 | 21 | 35 | 46 | 56 |
| Затвор Скопје | 127 | 113 | 108 | 98 | 104 | 166 | 172 |
| Затвор Тетово | 85 | 73 | 83 | 47 | 66 | 62 | 61 |
| Затвор Куманово | 143 | 134 | 115 | 65 | 80 | 115 | 118 |
| Отв.Одд.Крива Паланка | 12 | 20 | 18 | 8 | 12 | 15 | 11 |
| Затвор Битола | 61 | 75 | 67 | 56 | 13 | 77 | 76 |
| Затвор/КПД Прилеп | 82 | 71 | 86 | 49 | 85 | 120 | 131 |
| Затвор Струмица | 131 | 112 | 95 | 115 | 92 | / | 89 |
| Затвор Гевгелија | 72 | 46 | 58 | 36 | 34 | 42 | 64 |
| Затвор Охрид | 8 | 8 | 8 | 7 | 8 | 4 | 4 |
| Вкупно | 3087 | 2968 | 2759 | 1954 | 1941 | 2004 | 2227 |

*Извор: Годишни извештаи на УИС*

Од претставените податоци очигледно е дека во текот на анализираниот период постои тенденција на опаѓање на затвореничката популација, тренд што започнал во 2018 година и сеуште останува значително понизок од затвореничката популација во првата година од анализираниот период, 2015 година кога се бележи највисок број на лица што издржувале казна затвор – вкупно 3087 лица, од коишто 1934 лица казната затвор ја издржувале во КПД Идризово.

Доколку претставените номинални бројки од Табела 1 се претставаат графички, се добива следниот графикон.

Графикон 4: Вкупен број на осудени лица во КПУ во периодот 2015-2022 година




*Извор: Годишни извештаи на УИС*

При анализа на трендовите во однос на осудените лица што издржуваат казна затвор во КПУ треба да се имаат предвид и законите за амнестија што беа донесени во текот на анализираниот период 2015-2022 година. Закон за амнестија беше донесен во јануари 2018 година,[13] во декември 2018 година,[14] кој се однесуваше на осудените за настаните на 27 април 2017 година и во март 2023 година,[15] во однос на сторените кривични дела од членовите 205 и 206 од Кривичниот законик. Последниот закон за амнестија немаше влијание врз трендовите на затвореничката популација, бидејќи за наведените кривични дела што значеа пренесување на заразна болест и непридружување кон здравствените прописи во време на пандемијата, немаше изреченин затворски казни. Во контекст на два закона за амнестија во текот на една календарска година (2018) воопшто не зачудува драстичниот пад на осудените лица кои издржуваат казна затвор во КПУ. Со донесување на Законот за амнестија на почетокот на 2018 година се намалила пренатрупаност во

[13] Службен весник на РМ, бр. 11/2018 година
[14] Службен весник на РМ, бр. 233/2018 година
[15] Службен весник на РСМ, бр. 65/2023 година

затворите, бидејќи, според податоците од УИС со законот биле опфатени 815 осудени лица кои издржувале казна затвор.[16]

Ако се анализира трендот на затвореничката популација во текот на седумгодишниот период од 2015 година, и ако 2015 година се земе како почетна година за анализа, состојбата со затвореничката популација претставена во проценти на намалување за секоја година од периодот е претставена на следниот графикон.

Графикон 5: Тренд на затвореничка популација 2015-2022 (N=3087)




*Извор: Годишни извештаи на УИС*

Во однос на 2015 година, во следните две години намалување на затвореничката популација било незначително, но зпочнувајќи од 2018 година намалувањето е за над 35%, а во последната 2022 година, процентот изнесува 28%.

## 2. АКТИВНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА ТРЕТМАНОТ ЗАРАДИ УСПЕШНА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

Ресоцијализацијата на осудените лица е процес којшто подразбира преземање соодветно прилагодени активности додека лицето се наоѓа во КПУ со цел да се прилагоди кон условите во установата, да го познава и почитува куќниот ред и да се однесува

[16] https://sdk.mk/index.php/makedonija/815-zatvorenitsi-ke-bidat-opfateni-zakonot-za-amnestija/, (посетена на 31.01.2024)

дисциплинирано. За ресоцијализацијата да ги оствари целите што се очекуваат, неопходно е прилагодување на третманот во установата на потребите на осуденото лице. Пеналниот односно институционалниот третман претставува индивидуално определен динамичен систем на методи, мерки и постапување спрема осуденото лице во установата за време на извршување на казната затвор заради насочување, развивање и остварување на позитивни карактерни особини и способности на осуденото лице, за негова ресоцијализација.[17]

Третманот опфаќа повеќе мерки и активности, но со оваа Анализа авторките одлучија да го насочат вниманието кон неколку круцијални аспекти што го чинат третманот: образованиот процес на осудените лица во установата, работата како третман, стручното оспособување и стекнување вештини и здравствената заштита. Сите овие аспекти се актуелни како стратешки цели содржани во НС, чија имплементација е во тек.

## 2.1. Образованието како третман

Меѓународните документи пропишуваат обврска за затворските установи да обезбедат образование на сите затвореници, при што образованието на неписмените и на младите затвореници треба да биде задолжително. Колку што е можно, образованието на затворениците треба да биде интегрирано во образовниот систем на државата, за да има основа по напуштање на установата, лицето без тешкотии да се продолжи со едукација.

Во НС во рамките на слабите страни е наведено отсуство на функционален процес на образование на осудени лица.

Образованието е категорија којашто може да се анализира двојно: образование што осуденото лице го има при прием во КПУ и образованието што го стекнал додека бил на издржување на казната затвор. Образованието како третман е вториот аспект поврзан со стекнување знаењата и вештините во текот на издржување на казната затвор.

Според меѓународните стандарди затворски управи и други надлежни органи, помеѓу формите на програми, активности и услуги што треба да ги понудат на осудените лица спаѓа и образованието и стручната обука, кои треба да се испорачуваат во согласност со индивидуалните потреби за третман на затворениците.[18]

Согласно ЗИС, осудените лица во процесот на ресоцијализација имаат право на третман со учество во редовни (општи) и/или специфични програми, мерки и активности во коишто спаѓа и образованието.

---

[17] Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица, Службен Весник на РСМ, бр. 133/2020, од 22.05.2020

[18] The United Nations Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners (the Nelson Mandela Rules), Rule 75, UNODC, https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/Nelson_Mandela_Rules-E-ebook.pdf.

Иако беше изготвен, никогаш не се донесе стратешкиот документ за образование на осудените лица чијшто носител требаше да биде Министерството за образование и наука во соработка со УИС.

Образованието како третман е посебна стратешка цел во рамките на НС и опфаќа повеќе активности за нејзина реализација.

Отсуството на континуирано образование во КПУ е проблем со којшто нашата држава се соочува подолг временски период. Легислативната рамка која ја сочинуваат регулативата во однос на основното образование и во однос на образованието на возрасните овозможува образование во установите, но во практика овие можности не се применуваат.

Останува да се видат ефектите на предложените измени и дополнувања во Законот за основнот образование кој има за цел регулирање на воспитно образовниот процес во воспитно-поправните и казнено поправните установи.[19]

## 2.2. Работниот ангажман како третман

Согласно меѓународните стандарди работата има големо значење како облик на третман на осудените лица.[20] Работата помага за стекнување навики, дисциплинирано однесување, но и за структурирано време поминато во установата. Практиката на ЕСЧП јасно го искристализира ставот дека работата во затворите нема статус на присилна работа, туку влегува во рамките на активностите за остварување на третманот и процесот на ресоцијализација.

Членот 4 § 3 (а) од ЕКЧП укажува дека терминот „присилна или задолжителна“ работа не вклучува „секоја работа што треба да се изврши во вообичаениот тек на затвор“или за време на условно отпуштање.[21]

Согласно ЗИС, на осудените лица треба да им се овозможи работа која ќе биде корисна и соодветна на начинот на нејзиното вршење на слобода, при што постигнувањето на економска корист не смее да биде примарна и единствена цел на работата. Со работата осудените лица се здобиваат и ги развиваат работните навики, ги одржуваат работните способности и се стекнуваат со стручно знаење за работа на слобода. Постои ограничување,

[19] https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=78265

[20] The United Nations Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners (the Nelson Mandela Rules), Rule 4/2, UNODC, https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/Nelson_Mandela_Rules-E-ebook.pdf.

[21] Guide on Article 4 of the European Convention on Human Rights Prohibition of slavery and forced labour Updated on 31 August 2022, https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/guide_art_4_eng#:~:text=Work%20during%20 detention%20or% 20conditional%20release,-36.&text=Article%204%20%C2%A7%203%20 (a,conditional %20release% 20from %20such%20detention .

според кое од осудените лица не смее да се бара да вршат работи што се опасни и штетни за нивното здравје.

Во практиката осудените лица, по правило, работно се ангажираат во рамките на самата установа и тоа во затворската економија, одржување на хигиената во установата, дворното место, се ангажираат во кујна за приготвување на храна, а во зависност од можностите во КПУ се занимаваат со сточарство или земјоделство.

ЗИС овозможува осудените лица со третман во отворено одделение да работат и надвор од установата, а осудените лица со третман во полуотворено одделение можат да работат повремено и под надзор во правни лица и други институции, но само ако се обезбедени услови за извршување на казната затвор и доколку се обезбедени минимални технички услови за работа. Не се смета за работа надвор од установата можноста осудени лица кои започнале со користење на погодности надвор од установата да бидат работно ангажирани на работни места кои физички се наоѓаат надвор од кругот на установата, но се сметаат дека се во состав на самата установа.

Со оглед на фактот што нема доволно работни места за сите осудени лица, работен ангажман имаат оние осудени лица кои дале согласност да бидат работно ангажирани.

Достапни податоци има само во однос на работен ангажман на осудените лица надвор од установата каде што се издржува казната, за што е потребно осуденото лице да добие согласност од Директорот на УИС. По добиената согласност од Директорот на УИС, директорот на КПУ склучува договор со правното лице, односно институцијата и обезбедува писмена согласност од осуденото лице.

Со посебен подзаконски акт министерот за правда ги има регулирано прашањата во однос на надоместокот и наградата за работа на осудените лица, како и за лицата кои без своја вина не работат.[22]

На Табелата 3 е претставен бројот на осудени лица кои добиле ваква согласност и врз основа на неа им било дозволено да бидат ангажирани надвор од КПУ.

Табела 3: Број на осудени лица на кои им била дадена согласност за работно ангажирање надвор од КПУ, според КПУ, во периодот 2019-2022

| **Казнено-поправна установа** | **2017** | **2018** | **2019** | **2021** | **2022** |
|---|---|---|---|---|---|
| **КПД Идризово** | **18** | **15** | **29** | **32** | **37** |

[22] Правилник за определување на надоместокот и наградата за работа на осудените лица, како и за лицата кои без своја вина не работат, Службен весник на РСМ, бр. 10/2020, од 16.01.2020 година

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **КПД Штип** | **4** | **4** | **1** | **0** | **0** |
| **КПД од отворен вид Струга** | **19** | **25** | **20** | **37** | **19** |
| **Затвор Скопје** | **17** | **13** | **22** | **39** | **46** |
| **Затвор Тетово** | **26** | **19** | **17** | **27** | **21** |
| **Затвор Куманово** | **19** | **2** | **20** | **13** | **18** |
| **Затвор Битола** | **11** | **8** | **5** | **10** | **7** |
| **КПД Прилеп** | **12** | **11** | **11** | **6** | **9** |
| **Затвор Струмица** | **21** | **16** | **11** | **27** | **11** |
| **Затвор Гевгелија** | **11** | **13** | **19** | **15** | **22** |
| **Затвор Охрид** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Вкупно** | **159** | **126** | **155** | **206** | **190** |

*Извор: Годишни извештаи на УИС*

Ако се направи анализа според КПУ каде што се дадени согласности за работа надвор од установата во периодот 2017-2022 година, се забележува дека тенденција на зголемување на дадените согласности има во Затвор Скопје (од 17 на 46), во КПД Идризово (од 18 на 37), Затвор Гевгелија (од 11 на 22). Поголемо намалување има единствено во Затвор Струмица (од 21 на 11).

## 2.3. Стручното оспособување и стекнувањето вештини

Во рамките на Стратешката цел 9, НС предвидува мерка за Подобрување на просторните и материјално-технички услови за одвивање на образовниот процес и стручно оспособување согласно Препораката на СЕ (89)12, којашто укажува дека образованието за затворениците треба да биде како образованието што се обезбедува за слични возрасни групи во надворешниот свет, а опсегот на можности за учење треба да биде што е можно поширок бидејќи образованието во затвор има за цел да ја развие личноста имајќи го предвид социјалниот, економскиот и културниот контекст.[23]

[23] https://rm.coe.int/09000016804c858f; https://www.epea.org/council-of-europe-recommendations-on-education-in-prison/.

Законот за стручно образование и обука[24] ги уредува организирањето, структурата и управувањето на системот на стручното образование и обука, а под стручно образование и обука, кои се дел од системот на образованието, се обезбедува индивидуален развој на личноста преку стекнување компетенции, знаења и вештини неопходни за вклучување на пазарот на трудот или продолжување на образованието.

Во КПУ може да бидат организирани различни форми на стручното оспособување на осудените лица и тоа во вид на курсеви, семинари, практична работа и сл., согласно со општите прописи за стручно оспособување. И меѓународните документи упатуваат на тоа дека управата на затворските установи и другите надлежни органи треба да понудат и стручно оспособување што ќе биде во согласност со индивидуалните потреби за третман на затворениците и кои ќе имаат полза од тоа.

Стручното оспособување и обука за стекнување вештини може да биде организирана како форма на ангажман во рамките на третманот на осуденото лице во КПУ, но доколку се исполнети законските услови, осуденото лице може да се стекне и со сертификат којшто ќе може да го користи по напуштање на установата. Проблем е со осудените лица што се неписмени или немаат оформено основно образование, бидејќи наведениот закон како предуслов пропишува дека стрчно може да се оспособува само лице коешто има заокружено основно образование.

Како и во однос на образованието и во однос на стручното оспособување постои системски проблем во нашите установи бидејќи не се спроведува континуирано стручното оспособување и обука. Најчесто различните видови стручно оспособување и обуки се организираат од страна на домашни и странски организиации, а најпозитивни искуства КПУ имаат со обуките спроведени со поддршка на UNDP. Од овие причини и во НС во рамките на слабите страни на пенитенцијарниот систем посебно е наведено неспроведување на Стратегијата за обука и отсуство на системско споделување на добиените знаења.

## 2.4. Здравствена заштита на осудените лица

Системот на здравствена заштита е поставен така што во установите повеќе нема вработени лекари, туку тие се вработени во медицински установи, а дел од дејноста ја вршат во КПУ. Ваквиот пристап со здравствената заштита се задржа и со новата НС, иако во меѓувреме се појавија низа проблеми и практични потешкотии.

Во рамките на слабите страни во НС е наведена здравствената заштита, загрижувачки нискиот број здравствен персонал, но и потребата од изнаоѓање долгорочното решение за лекување зависници од дрога.

[24] Службен весник на РСМ бр. 71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13, 137/13, 41/14, 145/15, 55/16 и 64/18 и 275/19.

Обезбедување ефективна здравствена заштита е особено важен аспект за третманот на осудените лица, но успехот во неговото остварувањето зависи од меѓусекторската соработка, којашто не секогаш е на задоволително ниво во нашата држава.

Дел од КПУ имаат солидно опремени ординации, но во услови на отсуство на лекари, тие остануваат неискористени. Во дел од КПУ има почесто присутен лекар, стоматолог, некаде и психијатар, но во основа  вој вид на ангажиран кадар во КПУ недостасува  и не е мотивиран да работи со осудени лица.

Поради ваквиот систем, КПУ се упатени на соработка со центрите за јавно здравје во општината каде што се наоѓа установата и преку соработка со овие центри за јавно здравје се договара динамика на присуство на лекарот во установата.

Во рамките на здравствената заштита понекогаш се појавува и проблем на недостигот од лекови со кои се соочуваат КПУ, проблем којшто е сериозен особено кога станува збор за седативи, метадонска терапија и сл.

## 3. НАСОКИ ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

Работната група за изготвување  на  измените и дополнувањата на Законот за извршување на санкциите беше формирана во ноември 2024 година со задача да ги опфати аспектите на кои укажува Советот на Европа, Комитетот за превенција од тортура како и согледувањата од имплементацијата на последните измени од 2019 година.

Предлог-Законот за изменување и дополнување на ЗИС беше објавен на ЕНЕР на крајот од јуни 2025 година.[25]

Со измените се опфатени неколку клучни сегменти во однос на пенитенцијарниот систем.

Хиерархиска поставеност и одговорност на УИС и КПУ/ВПУ со надлежност на директорот на УИС во назначување и разрешување на директори на установите.

Измена на мрежата на КПУ и ВПУ со цел одбегнување на злоупотребите што се случуваат во Затвор Струга, сместување на децата од Затвор Охрид во ВПД Тетово во Волковија, но во одделен и архитектонски издвоен павилјон.

Подобрување на безбедноста во затворите – преку нова организациска поставеност на единицата за интервенции од припадници на затворската полиција (ЕИЗП) и единицата за разузнавање.

[25] https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=107906.

Усогласување на терминологијата во однос на правото на образование со новите законски решенија усвоени на предлог на МОН.

Прецизирање на дел од одредбите кои ги применуваат судиите за извршување на санкциите со цел отстранување на можност од дилеми во толкувањето, прилагодување кон условите во практиката, нагласување на соработката со МВР и УЈП.

Ограничување на можностите кои дозволуваат осуденото лице да добие и условен отпуст и предвремено да биде отпуштено од установата со одлука на директорот на установата.

Оневозможување на злоупотреби на определени одредби од страна на осудените лица со внесување рокови за повторно користење на определени можности пропишани во ЗИС.

Усогласување на дел од одредбите со проектот „Сигурен Град“ којшто го спроведуваат МВР и Министерството за правда.

## 4. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

- Продолжување со имплементација на стратешките цели од Националната Стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025)
- Донесување на ЗИД на ЗИС
- Ажурирање на подзаконските акти и донесување на новопропишаните подзаконски акти
- Евалуација на степенот на имплементација на постојната Национална стратегија
- Пристапување кон изработка на нова петгодишна Национална стратегија
- Воспоставување и одржување на редовен образовен процес во установите во соработка со МОН преку успешна примена на новодонесените закони за основно и средно образование
- Унапредување на системот на здравствена заштита на осудените лица.